Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 03-1136/7
12. 07. 2021 год.

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на Република Северна Македонија бр. 101/19), а во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Дарко Трајкоски од Скопје заверено со наш арх. бр. 03-1136/6 од 12.7.2021 год., донесувам

## РЕШЕНИЕ

I

Се прифаќа барањето на барателот [redacted] со адреса на ул. [redacted]копје, барател на Информација од имателот на пристап до информации од јавен карактер.

Имателот на Информација Филозофски факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје со седиште на бул. Гоце Делчев бр. 9А, 1000 Скопје за барањето ги дава следните податоците со кои располага:

1. Во однос на барањето информација за интерен акт поврзан со психолошки тест или тест за интегритет што се користат за потребите на Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев (АСЈО), одлучува Комисијата за реализација на тестирањето, согласно компетенциите по однос на кои е формирана и согласно овластувањата што ги имаат. Поради намената на тестовите и нивната заштита, сите интерни акти се во доменот на нивно донесување/одлучување и не се предмет на верификација пред Филозофскиот факултет.

II

Согласно со побараното во доставеното Барањето за пристап до информации од јавен карактер заверено со наш арх. бр. 03-1136/6 од 12.7.2021 год., информацијата ќе се достави во бараната форма, односно се доставува електронски запис и истиот на барателот ќе му биде доставен согласно со побараниот начин на доставување, односно по пошта и на e-mail.

Составен дел од ова решение е електронскиот запис на бараните информации од јавен карактер.

III

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на доставеното Барање за пристап до информации од јавен карактер заверено со наш арх. бр. 03-1136/6 од 12.7.2021 год., поднесено од барателот [redacted] со адреса на ул. „[redacted]“ бр[redacted] 1000 Скопје, согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во законскиот предвиден рок спроведе постапка и веднаш се овозможи бараниот пристап на бараните информации во бараната форма и начин од страна на барателот, по што се донесе решение како во диспозитивот на актот.

ПРАВНА ПОУКА: Барателот има право на жалба во рок од 15 дена од приемот на решението. Жалбата се поднесува до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

По еден примерок од Решението да се достави до барателот на информацијата, одговорното лице на Факултетот и архивата.

Овластено лице за слободен пристап до информации од јавен карактер
на Филозофскиот факултет

Василка Наумоска

Филозофски факултет Скопје
ДЕКАН

Проф. д-р Ратко Дуев

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: | 12 -07- 2021 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 1136/6 | | |

До: Филозофски факултет Скопје

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted] ул. [redacted] тел.бр. [redacted]
[redacted]com

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер

- Во врска со одговор Ваш бр.03-1136/5 од 30.06.2021 година, т.3, појаснувам дека јас не барам содржина од од психолошки или тест за интегритет кои според вас биле класифицирани информации, туку едноставно барам да ми доставите информација дали имате донесено или не **интерен акт, со сите измени и дополнувања на кој сте обврзани** согласно чл.18 ст.4 од Правилникот за спроведување на приемен испит на Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев. Доколку имате таков интерен акт барам да ми го доставите во фотокопија.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- в) фотокопија

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- г) е-маил

**Потпис**
[redacted]

**Во Скопје, 12.07.2021година**